# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ



| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 16 Март 2021 година Број 04/2021 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
| --- | --- | --- |



Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 54-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 54-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -439/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 16.03.2021 год.

| | |
| --- | --- |
| Бр. 09-439/2 | Градоначалник |
| 16 Март 2021 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа. Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 16.03.2021 год, донесе

О Д Л У К А
За прогласување итност на 54-та седница на Советот на општина Радовиш

Член 1

Поради дополнителни сознанија дека е скратен рокот за доставување на Одлуката за давање согласност за упис на ученици во прва година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, како и воведување на некои промени поврзани со примената на дуално образование во паралелките од стручна настава во геолошко рударска и металуршка струка со звање профил техничар, се закажа итна седница за донесување на оваа одлука.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
| --- | --- |
| Бр. 08-439/1 | Совет на општина Радовиш |
| 16 Март 2021 г. | Претседател |
| Радовиш | Викица Манолева с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 годин, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 година, бр. 08-440/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на 16.03.2021 година

| | |
| --- | --- |
| Бр. 09-440/2 | Градоначалник |
| 16 Март 2021 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на 54-та итна седница одржана на 16.03.2021 г., донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 година**

I. Се дава согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 год. согласно:

- одлуката на Наставничкиот совет бр.08-71/4 од 15.03.2021 година, која е составен дел на оваа одлука и наш број 08-101/14 од 16.03.2021 год.;

II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-440/1
16 Март 2021 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Викица Манолева с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 54-та седница на Советот на општина Радовиш --- 1
ОДЛУКА За прогласување итност на 54-та седница на Советот на општина Радовиш --- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 годин, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 година ------ 1
ОДЛУКА за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2021/2022 година, бр. 09-275/2 од 23.02.2021 година----- 2